ТЕХНО ХЕМ

друштво за трговија и производство на хемикалии и хемиски производи д.о.о скопје

# ЕПОКОН ПРАЈМЕР ХБ

ОСНОВЕН ПРЕМАЗ ЗА ПОРОЗНИ ПОДЛОГИ
( ПЕНЕТРАЦИЈА )

**СВОЈСТВА И НАМЕНА :ЕПОКОН ПРАЈМЕР ХБ** длабоко продира ( импрегнира , пенетрира ) во порозни подлоги ( бетон , фасада и сл. ) и на тој начин ги зацврстува и ги зголемува механичките и хемиските отпорности на заштитените површини.**ЕПОКОН ПРАЈМЕР ХБ** се користи како основен премаз (грунд,прајмер) кај заштита на порозни површини со материјали на база на епоксидни смоли.
**ЕПОКОН ПРАЈМЕР ХБ** е отпорен на влијание на разни хемикалии.Под влијание на УВ зраци филм од **ЕПОКОН ПРАЈМЕР ХБ** ја менува бојата , но тоа не му ја намалува механичката и хемиската отпорност.**ЕПОКОН ПРАЈМЕР ХБ** се нанесува (аплицира) на температури над +5С.Сувиот филм е сјаен,тврд и отпорен на механички влијанија.

Густина : А:околу 1,1 г/цм3
Б:околу 1,0 г/цм3

**СОСТАВ : ЕПОКОН ПРАЈМЕР ХБ** е транспарентен раствор од епоксидни смоли и отврднувачи во органски растворувачи.

**НАЧИН НА ИСПОРАКА :ЕПОКОН ПРАЈМЕР ХБ** се испорачува во две компоненти (компонента А и Б)

**ОДНОС НА МЕШАЊЕ :**Компонентите А и Б се мешаат во однос 1:0,52.

**НАЧИН НАПРИМЕНА :**Компонентите А и Б пред употреба се мешаат во тежински однос 1:0,52.За рачно мешање не се препорачува количина поголема од 3 кг.Се препорачува нанесување на **ЕПОКОН ПРАЈМЕР ХБ** со четка или со валјак.Тоа е особено важно кога се нанесува првиот слој поради подлабоко продирање во подлогата.
**ЕПОКОН ПРАЈМЕР ХБ** може да се нанесе воздушно и безвоздушно ( аирлесс ).При работа треба да се настојува **ЕПОКОН ПРАЈМЕР ХБ** што повеќе да се втисне во подлогата.Припремената смеса треба да се потроши во текот на 8 часа (на 20С).Ако е температурата поголема времето на употребливост на смесата е пократко.Компонентите А и Б треба добро да се хомогенизираат ( околу 10 минути ) бидејќи кај непотполно замешување нема да има потполно отврднување , а во тој случај се намалуваат својствата на стврднатиот филм.После замешување на компонентите треба да се почека околу 15 минути заради излегување на воздух од материјалот.**ЕПОКОН ПРАЈМЕР ХБ** не треба посебно да се разредува бидејќи се испорачува припремен за употреба.
Следниот слој на прајмерот се нанесува после 4-24 часа,зависно од температурата.Ако претходниот слој потполно стврднал,тогаш треба лесно да се израпави напр. со брусна хартија, за да се зголеми прионливоста на следниот слој.

**МЕРКИ НА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА :**При работа треба да се користат лични средства за заштита , а во затворени простории да се осигура вентилација.

**РОК НА ТРАЕЊЕ :** 1 година

**УСКЛАДИШТУВАЊЕ :** Да се чува во оригинална амбалажа,во суви простории,на температура од 10-25С.Да се ракува како со запаливи материјали.

ул .7 бр. 139а с.Орешани
1000 Скопје Македонија
тел./факс++ 389* 02*3091-174
моб.тел. ++ 389*070 241 448
е-маил: tehnohem@t.mk
info@tehnohem.com
веб: www.tehnohem.com